**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ОПШТИНА БЕРОВО

*Одделение за урбанизам*

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр, 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2024 год, донесена со Одлука бр. 09-4519/1 од 24.11.2023 год, од страна на Советот на Општина Берово, Градоначалникот на Општина Берово го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

***за организирање на ЈАВЕН УВИД за јавноста, на Предлог:***
***УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат, на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО***

ЈАВНИОТ УВИД за јавноста по Предлог: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат, на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО, со Тех. бр. 0801-40/23 од Август 2024 год, изработен од ДТУ „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје, надвор од планскот опфат на ГУП на Берово, ќе се спроведе со објавување на Соопштението на Веб страната на Општина Берово, и со излагање на Предлог планот на огласна табла и во просториите на оделението за урбанизам при Општина Берово, во времетраење од 15 (петнаесет) дена, се до 25.11.2024 год, за кое време може да се доставаат евентуалните забелешки по Урбанистичко Планската документација.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани, правни лица и институции од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во оделението за урбанизам при Општина Берово, како Надлежен орган кој го одобрува доставениот Урбанистички проект, финансиран од заинтересираната странка.

Анкетните листови за учество во јавната анкета може да се добијат во просториите на Општина Берово, кај надлежното лице, или од Веб страната на Општина Берово.

Дел.бр. **20-3662/1**
Берово, **07.11.2024** год,

**<u>По Овластување:</u>**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
Одделение за урбанизам
Раководител:
**МИШО ДОГАЗАНСКИ, дги**